*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
www.mrt.com.mk

---

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

## ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси како и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На територијата на РСМ, Македонската радио телевизија обезбедува програма преку еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа, еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и кој од месец април 2020 година започна со емитување на програма на албански јазик со дневно времетраење од 24 часа секој ден во неделата. Во истиот период програмата на ЈРП МРТ беше збогатена и со три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 – ТВ канал кој емитува забавно - музичка, културна, но пред се програма од областа на спортот наменета за гледачите љубители на спортот, преку откуп на ТВ права за емитување на сите позначајни спортски настани во земјата и светот, потоа МТВ 4 – ТВ канал кој емитува документарна програма и програма на етничките заедници во РСМ како и детски ТВ канал – Канал 5 кој акцентот на своето работење го става на најмладата популација и кој произведува, обработува и емитува едукативна, документарна, забавна и програма со содржина од други најразлични области наменета за деца и млади, сите со дневно времетраење на програмата од 24 часа секој ден во неделата.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата, а во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РСМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработи Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за наредна година со планирани активности за исполнување на програмските цели како и Финансиски план за наредната година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи. Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2022 година, беше изработен врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности како и врз база на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски. Пресметките за утврдување на планираните финансиски средства наменети за финансиска поддршка на редовното работење, кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ како средства за финансирање на радиодифузната дејност, беа направени согласно одредбите во член 105 од Законот за ААВМУ и Важечките преодни одредби во Законот за ААВМУ (Службен весник бр.248/18) каде во членот 45 е наведено дека за 2022 година за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ ќе се издвојуваат 1%. Од тука, вкупниот планиран буџет беше проектиран на 1.634.500.000 денари, во кои како приход со најголемо учество (од 95,7%) беше планиран приходот од Буџетот на РС Македонија во износ од 1.564.500.000 денари.

Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година беше усвоена од страна на органите на управување во МРТ и истата беше доставена до Собранието на РСМ во месец Октомври 2021 година.

Меѓутоа, со оглед на фактот дека со усвојувањето на Буџетот на РСМ за 2022 година вкупните предвидени средства за финансирање на радиодифузна дејност изнесуваат 900.000.000 денари и нема да се реализира горенаведениот процент од 1%, односно во 2022 година за финансирање на радиодифузна дејност МРТ ќе добие вкупно 670.500.000 денари (по 55.875.000 денари на месечно ниво), а дополнително на тоа, за повисок степен на програмски и техничко технолошки развој ќе добие вкупно 254.400.000 денари (по 21.200.000 денари месечно), потребно е да се изврши усогласување на планираните износи со оние кои ќе се добиваат во тековната година па од таа причина се врши измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, како во делот на планираните приходи, така и во делот на планираните расходи. Значајно е да се напомене дека оваа измена на Финансискиот план всушност се состои во намалување од 604.600.000 денари на планираните приходи и намалување од 544.600.000 денари на планираните расходи (разликата од 60.000.000 денари беше планирана за отплата на стари долгови), со што, со сигурност ќе биде доведено во прашање тековното работење на МРТ. Нејзината ликвидност ќе биде нарушена, нема да има можност да се издвојат финансиски средства за сервисирање на старите долгови кон државните институции (Министерство за финансии, УЈП, АД Аеродроми и други) ниту пак ќе може да се спроведат сите поголеми планирани активности во врска со инвестиции во набавка на нова РА и ТВ опрема и отпочнување со процесот на дигитализација на радиото, реконструкција на дел од работните простории и студија и инвестиции во насока на подобрување на програмата.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2022 година со изменетиот Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџетот на Република Северна Македонија**

Средства наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност, се намалени и сега се планираат во износ од 670.500.000 денари или 65,1% од вкупните планирани приходи. Овој износ произлегува и е утврден со усвојувањето на Буџетот на РСМ за 2022 година а МРТ треба да го добие до крајот на 2022 година, иако истиот не кореспондира со член 105 став 1 од Законот за ААВМУ и членот 45 од Важечките преодни одредби во Законот за ААВМУ (Службен весник на РСМ бр.248/18) каде е наведено дека почнувајќи од 2021 година па натаму за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ треба да се издвојат средства во износ од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која предходи на фискалната година за која се утврдува износот.

**Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој**

Како приходи добиени за поддршка на тековното работење и постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, исто така од Буџетот на РСМ, во тековната 2022 година за МРТ ќе се издвојат финансиски средства во вкупен износ од 254.400.000 денари кои во вкупно планираниот приход за 2022 година учествуваат со 24,7%.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламно време (маркетинг) односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во

согласност со условите од договорот, се планирани во висина од 75.000.000 денари или 7,3% од вкупните планирани приходи за 2022 година. Овие средства се планира да се реализираат од продажба на рекламен простор во рамки на емитување на нови програмски содржини во делот на копродукции, останати програмски права, спортска, филмска, документарна програма и слично која МРТ планира да ја направи достапна за своите гледачи во идната 2022 година преку сопствена продукција, копродукција и преку откуп на правата за емитување на програма од надворешни продуцентски куќи, при што особено се става акцент на откуп на правата за емитување на спортските настани кои треба да се одржат во 2022 година како Зимските олимписки игри, Европоско првенство во ракомет 2022 година, Лига шампиони во фудбал и слично за кои МРТ веќе ги откупи правата за емитување.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии за пренос на програма, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата), за 2022 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,3%.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,2%.

**Останати деловни приходи**

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2022 година се планираат во износ од 20.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1,9 %.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои се планираат со Финансискиот план по основ на решавање на настанатите судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.500.000 денари или 0,1% во однос на вкупниот износ на планирани приходи за 2022 година.

**Приходи од донации, продажба на програма и услуги**

Приходите по основ на продажба на програма и услуги и приходи по основ на донации во 2022 година се планирани во износ од 3.000.000 денари и истите учествуваат со 0,3% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2022 година.

**Вкупните** планирани приходи за 2022 година во износ од 1.029.900.000 денари по сите основи, иако намалени со ова изменување на Финансискиот план, треба да ги покријат планираните програмски, инвестициони и други активности во тековната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата, но и да се користат за сервисирање на дел од пренесените, неплатени обврски од претходни години.

Планираните активности за 2022 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.

- Откуп на права за емитување на играна програма и ТВ серии, набавка на домашна и странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови програмски содржини од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски, летни спортови и слично,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радиопрограми наменети за соседните земји и Европа и радиопрограми наменети за информирање на иселениците во странство, како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Инвестиции во нова опрема и основни средства како и тековно одржување на постојната опрема, реконструкција и одржување на РТВ студијата и другите деловни објекти на МРТ.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2022 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2022 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2021 г. | Остварени приходи 2021г - (проценка) | Планирани приходи за 2022г. | Планирани приходи за 2022г.со измена | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 | Струк тура 2022 г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на радиодифузна дејност | 894,000,000 | 826,950,000 | 1,564,500,000 | 670,500,000 | 81.1 | 42.9 | 65.1 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 0 | 0 | 0 | 254,400,000 | 0.0 | 0.0 | 24.7 |
| Закупнини | 500,000 | 450,000 | 500,000 | 500,000 | 111.1 | 100.0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 3,000,000 | 2,500,000 | 3,000,000 | 3,000,000 | 120.0 | 100.0 | 0.3 |
| Приходи од услуги во странство ( технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 2,000,000 | 1,600,000 | 2,000,000 | 2,000,000 | 125.0 | 100.0 | 0.2 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања од минати години,отпишани обврски, приходи од минати години) | 18,500,000 | 25,000,000 | 20,000,000 | 20,000,000 | 80.0 | 100.0 | 1.9 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 1,500,000 | 1,000,000 | 1,500,000 | 1,500,000 | 150.0 | 100.0 | 0.1 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 100,000,000 | 70,000,000 | 40,000,000 | 75,000,000 | 107.1 | 187.5 | 7.3 |
| Приход од донации, продажба на програма и услуги | 3,000,000 | 2,500,000 | 3,000,000 | 3,000,000 | 120.0 | 100.0 | 0.3 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1,022,500,000** | **930,000,000** | **1,634,500,000** | **1,029,900,000** | **110.7** | **63.0** | **100.0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

Вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности во врска со создавање и емитување на програмата, со изменувањето на Финансискиот план се намалуваат за 544.600.000 денари и сега, се планираат во ист обем како и вкупните приходи, односно 1.029.900.000 денари. Оттука, споредено со Финансискиот план на МРТ за 2022 година кој беше доставен во Собранието во месец Октомври 2021 година и каде вкупниот износ на планирани раходи за 2022 година беше за 60.000.000 денари понизок во однос на приходите со цел во тој обем да не се создаваат нови обврски туку со тие средства да се отплатуваат застарени долгови создадени во минат период, во овој Финансиски план за изменување на планираните приходи и расходи со намалување на средствата, токму поради намалувањата на планираните износи, МРТ ќе се соочи со недостиг на финансиски средства и нема да има можност да издвои одреден износ на финансиски средства за подмирување на застарени долгови. Имено, планираните расходи за 2022 година низ поединечни ставки со овој план ги претставуваат само најнеопходните потреби на ЈРП МРТ без можност за поголеми инвестиции за кои од поодамна се чека. Трошењето на финансиските средства и оваа година како и предходните, кога исто така МРТ имаше намален буџет за тековно работење, со сигурност ќе се реализира со потешкотии при исполнувањето на планираните програмски и останати активности, но сепак многу рационално, економично и наменски и секако во согласност со ново утврдениот Финансиски план, законите и позитивните законски прописи.

**Планот на расходи за 2022 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

## Трошоци на вработените

Кај групата трошоци на вработените во 2022 година пртходно планираниот вкупен износ од 545.820.000 денари се намалува за 53.970.000 денари и сега се планираат средства во вкупен износ од 491.850.000 денари. Во оваа група на трошоци се опфатени бруто платите на вработените, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, помош при боледување подолго од 6 месеци, паричен надомест за последици од елементарни непогоди и други видови парични надоместоци), потоа трошоците за здравствени услуги, пресметан регрес за годишен одмор, јубилејни награди, трошоци за едукација на вработените (обуки, посета на семинари, советувања) и слично. Бруто платата за 2022 година е пресметана согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно последните измени во Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично, за кои првично планираната сума во вкупен износ од 11.000.000 денари е намалена за 4.980.000 денари и сега изнесува вкупно 6.020.000 денари. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службени патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис за потребите, пред се, на информативните програми, ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани во земјата и странство кои се од јавен карактер како на пример сите поважни културни, музички, спортски и научни случувања и манифестации.

## Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци беше планирана во вкупен износ од 255.330.000 денари, но со измената на Финансискиот план исносот е намален за 92.370.000 денари и сега вкупно се планираат 162.960.000 денари. Оваа група ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Во оваа група на трошоци во 2022 година ќе бидат опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и градежните објекти во МРТ а поради недостиг на финансиски средства со намалувањата во новиот Финансиски план, целосно се бришат ставките за набавка на материјали за кулиси и декор/сценографија, реквизита, шминка, фризура и разни материјали за снимање. По намалувањето на првично планираниот вкупен износ за 5.900.000 денари, оваа група сега има вкупен планиран износ од 2.600.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Вкупниот планиран износ во оваа група на трошоци е 1.900.000 денари и во неа спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, материјал за возен парк, заштитна облека и обувки и ХТЗ опрема.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и согласно поскапувањата сите овие видови на енергија таа беше планирана во вкупен износ од 43.000.000 денари, износ кој е повисок споредбено со минатата 2021 година. Но поради недостиг на финансиски средства, со намалувањата во овој Финансиски план, намален е и овој првично планиран износ за 7.500.000 денари и сега истата се планира во вкупен износ од 35.500.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци беше планирана во износ од 8.000.000 денари но со намалувањето од 6.000.000 денари сега истата се планира на износ од 2.000.000 денари. Согласно законските измени, односно според Уредбата за номенклатура на

средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (сл.весник 277/19), оваа група ги опфаќа набавките на материјални и нематеријални средства со поединечен трошок за набавка до 500 евра во денарска противвредност според кои наместо во основни средства сметководствено треба да се евидентираат во ситен инвентар.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која, по намалувањето од 7.100.000 денари, е планирана во вкупен износ од 13.900.000 денари а се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет и поштарина како и трошоци за аудио и видео линии кои се неопходни за пренос на програмата, особено при емитување на настани од областа на спортот.

***Услуги за одржување и заштита***

Оваа група ги опфаќа трошоците за агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти, одржување на возилата на МРТ со набавка на резервни делови за нив, одржување на ситен инвентар и автогуми, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и други услуги за одржување и заштита. Истата беше планирана во вкупен износ од 37.700.000 денари, но со измената во Финансискиот план се намалува за 18.550.000 денари и сега се планира на 19.150.000 денари.

***Комунални услуги***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата, по намалувањето од 1.560.000 денари, планирана е во вкупен износ од 4.580.000 денари.

***Останати услуги од работењето***

Во оваа група на трошоци за 2022 година планирани се средства во вкупен износ од 2.100.000 денари и истата опфаќа услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги, заверка на пасоши и визи за патување надвор од државата и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

Покрај планираниот износ на амортизација на опремата која до сега е набавена во рамките на редовните инвестициони активности и процесот на дигитализација и ставена во употреба, со вкупниот планиран износ од 66.000.000 денари по овој основ, беше планирана и амортизација на средствата и опремата кои би се набавиле и ставиле во употреба во текот за 2022 година. Но, поради намалување на вкупните приходи, со измената во Финансискиот план значително се намалуваат и средствата кои беа планирани за инвестиции во нова опрема и дигитализација поради што за 8.000.000 денари се намлува и планираниот износ на трошоци за амортизација и истиот сега изнесува 58.000.000 денари.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите, ревалоризација на обврските и слично во 2022 година по намалувањето планирани се вкупно 1.000.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2022 година се планирани вкупно 500.000 денари;

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2022 година изнесуваат 1.700.000 денари;

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2022 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 510.000 денари.

***Останати трошоци***

За групата на трошоци во која спаѓаат трошоците за користење на услуги за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоци за стручна литература и списанија, по намалувањата со Финансискиот план за 2022 година се планираат во вкупен износ од 270.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2022 година е планирана во вкупен износ од 9.000.000 денари;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок и сл.) како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2022 година беа планирани во вкупен износ од 8.800.000 денари, но со новиот Финансиски план и по намалувањето од 5.800.000 денари, се планираат во вкупен износ од 3.000.000 денари;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци со новиот Финансиски план планирани се вкупно 400.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години се планирани во висина од 1.500.000 денари и истите се однесуваат на трошоци за задоцнето фактурирање по разни основи кои биле планирани во преходните години од работење на МРТ но, во тој период, за истите не се доставени фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се планирани во висина од 3.000.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2022 година се планирани во вкупен износ од 1.500.000 денари.

***Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра***

Оваа група на трошоци ги опфаќа набавките на стоки и услуги надвор од планот за јавни набавки а кои во вкупен износ на месечно ниво не го надминуваат износот од 1.000 евра во денарска противвредност или вкупно 850.000 денари на годишно ниво.

## Програмски права

Оваа категорија на трошоци ги опфаќа Програмските права за набавена програма, односно се однесува на трошоци во врска со откуп на права за емитување на играна филмска и документарна програма, останати програмски права – откуп на програма од најразлични жанрови и области, надомест за интернационалниот фестивал Евросонг, надомест за снимање фестивали – јуниорски Евросонг, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот како Светски куп во фудбал 2022 година - EBU-FIFA, UEFA - Лига на шампиони во фудбал, СЕХА лига во ракомет, одбојкарски, кошаркарски натпревари и други спортски настани, потоа откуп на програми од независни продуценти, трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина како и откуп или продукција и копродукција на најразновидни емисии и серијали за најмладата популација. Во насока на збогатување на понудата на програма која ќе се емитува на сите Програмски сервиси во 2022 година, претходниот вкупен планиран износ на трошоци кај оваа група беше 458.500.000 денари но повторно, поради недостиг на финансиски средства тој е намален за 164.800.000 денари и сега изнесува вкупно 293.700.000 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци беше планирана во вкупен износ од 103.850.000 денари но по намалувањето од 36.480.000 денари, вкупниот планиран износ сега е 67.370.000 денари. Тука спаѓаат следните видови останати трошоци:

***Наемнини***

Планиранио износ на трошоци за наем на опрема и недвижности за кои би произлегла потреба во текот на работењето на МРТ за 2022 година изнесува 800.000 денари.

***Други трошоци од работење***

За оваа група на трошоци во 2022 година, по намалувањето, се планирани вкупно 38.450.000 денари и истите се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, трошоци за извршување, услуги за вештачење, трошоци за опремување на сцена,
- Технички услуги, интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти, елаборати и сл.)
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на работните задачи,
- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Евросонг (Евровизија 2022 и Јуниорски евросонг 2022) како и
- Трошоци за обезбедување на простор за сателитски сегмент.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Со новиот Финансиски план оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 28.000.000 денари и опфаќа годишни членарини на МРТ кон ЕБУ, ЕРНО; ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП, трошоци кон Агенција за филм согласно Законот за филмска дејност и останати трошоци од работење.

***Материјали и услуги за дигитализација***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2022 година планирани се средства во вкупен износ од 120.000 денари.

## Инвестиции

За набавката на опрема и други инвестиции во текот на 2022 година првично беа планирани вкупно 200.000.000 денари од кои, 100.000.000 денари за реконструкција и одржување на просториите во МРТ со обновување на постоечката и набавка на нова опрема потребна за непречено одвивање на тековното работење, а останатите 100.000.000 денари за дигитализација на програмите на Македонското радио.

Меѓутоа, со измените во новиот Финансиски план на МРТ за 2022 година, поради недостигот на финансиски средства, планираниот износ кај оваа група на трошоци е значително намален и наместо споменатите 200.000.000 денари сега се планираат само 8.000.000 денари во рамки на кои, покрај најнеопходна РА и ТВ опрема, се планира и набавка на нови возила.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2022 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**
**НА ЈРП МРТ ЗА 2022 ГОДИНА**

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Остварување 2021 г. (проценка) | Финансиски план за 2022г | Финансиски план за 2022г со измена | Индекс 5/3* 100 | Индекс 5/4* 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати за вработените | 468,000,000 | 468,000,000 | 525,000,000 | 476,000,000 | 102% | 91% |
| Регрес за годишен одмор | 9,400,000 | 9,200,000 | 12,000,000 | 10,000,000 | 109% | 83% |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,900,000 | 1,900,000 | 4,500,000 | 3,700,000 | 195% | 82% |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош на вработени по разни основи и слично) | 950,000 | 1,000,000 | 1,200,000 | 750,000 | 75% | 63% |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 750,000 | 700,000 | 1,000,000 | 450,000 | 64% | 45% |
| Трошоци за здравствени услуги | 610,000 | 610,000 | 1,500,000 | 600,000 | 98% | 40% |
| Трошоци за едукација | 300,000 | 250,000 | 500,000 | 250,000 | 100% | 50% |
| Трошоци за вршење на PCR (за корона вирус) тестови на вработените | 0 | 0 | 120,000 | 100,000 | 0% | 83% |
| **Вкупно 1 - Трошоци за вработените** | **481,910,000** | **481,660,000** | **545,820,000** | **491,850,000** | **102%** | **90%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Остварување 2021 г. (проценка) | Финансиски план за 2022г | Финансиски план за 2022г со измена | Индекс 5/3* 100 | Индекс 5/4* 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,850,000 | 1,800,000 | 2,500,000 | 1,800,000 | 100% | 72% |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 3,000,000 | 1,500,000 | 5,000,000 | 2,200,000 | 147% | 44% |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во земјата | 100,000 | 50,000 | 100,000 | 100,000 | 200% | 100% |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во странство | 1,400,000 | 500,000 | 2,000,000 | 1,000,000 | 200% | 50% |
| Сопствено возило за службени потреби | 270,000 | 250,000 | 350,000 | 220,000 | 88% | 63% |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 200,000 | 150,000 | 300,000 | 200,000 | 133% | 67% |
| **Вкупно 2** | **6,820,000** | **4,250,000** | **10,250,000** | **5,520,000** | **130%** | **54%** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Авто такси - услуги за такси превоз | 350,000 | 300,000 | 500,000 | 300,000 | 100% | 60% |
| Услуги за организиран превоз на вработени | 250,000 | 200,000 | 250,000 | 200,000 | 100% | 80% |
| **Вкупно 3** | **600,000** | **500,000** | **750,000** | **500,000** | **100%** | **67%** |
| **Вкупно 2 и 3 патни и транспортни услуги** | **7,420,000** | **4,750,000** | **11,000,000** | **6,020,000** | **127%** | **55%** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 1,200,000 | 1,000,000 | 2,000,000 | 1,000,000 | 100% | 50% |
| Технички материјал | 1,000,000 | 1,000,000 | 2,600,000 | 1,000,000 | 100% | 38% |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 0 | 1,000,000 | 0 | 0% | 0% |
| Материјал за реквизита | 0 | 0 | 300,000 | 0 | 0% | 0% |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 0 | 300,000 | 0 | 0% | 0% |
| Разни прехранбени материјали и други материјали за снимање, хигиенски средства и сл. | 0 | 0 | 300,000 | 0 | 0% | 0% |
| Материјал за поправка и одржување | 800,000 | 700,000 | 2,000,000 | 600,000 | 86% | 30% |
| **Вкупно 4** | **3,000,000** | **2,700,000** | **8,500,000** | **2,600,000** | **96%** | **31%** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,450,000 | 1,400,000 | 1,800,000 | 1,350,000 | 96% | 75% |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 300,000 | 300,000 | 500,000 | 300,000 | 100% | 60% |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 0 | 700,000 | 250,000 | 0% | 36% |
| **Вкупно 5** | **1,750,000** | **1,700,000** | **3,000,000** | **1,900,000** | **112%** | **63%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Остварување 2021 г. (проценка) | Финансиски план за 2022г | Финансиски план за 2022г со измена | Индекс 5/3* 100 | Индекс 5/4* 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 20,000,000 | 20,000,000 | 25,000,000 | 21,000,000 | 105% | 84% |
| Трошоци за топлотна енергија | 11,500,000 | 11,500,000 | 14,000,000 | 11,500,000 | 100% | 82% |
| Трошоци за гориво и мазиво | 3,000,000 | 3,000,000 | 4,000,000 | 3,000,000 | 100% | 75% |
| **Вкупно 6** | **34,500,000** | **34,500,000** | **43,000,000** | **35,500,000** | 103% | **83%** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 2,600,000 | 2,500,000 | 8,000,000 | 2,000,000 | 80% | 25% |
| **Вкупно 7** | **2,600,000** | **2,500,000** | **8,000,000** | **2,000,000** | **80%** | **25%** |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 600,000 | 600,000 | 1,000,000 | 600,000 | 100% | 60% |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 2,200,000 | 2,000,000 | 2,500,000 | 2,200,000 | 110% | 88% |
| Трошоци за интернет услуги | 800,000 | 800,000 | 1,200,000 | 800,000 | 100% | 67% |
| Поштарина | 150,000 | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 100% | 100% |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 10,000,000 | 10,000,000 | 16,000,000 | 10,000,000 | 100% | 63% |
| **Вкупно 8** | **13,750,000** | **13,700,000** | **21,000,000** | **13,900,000** | **101%** | **66%** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите во МРТ | 4,500,000 | 4,500,000 | 5,000,000 | 4,500,000 | 100% | 90% |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 5,000,000 | 3,500,000 | 11,000,000 | 3,500,000 | 100% | 32% |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 4,000,000 | 3,500,000 | 11,000,000 | 3,500,000 | 100% | 32% |
| Одржување на возила | 2,500,000 | 2,300,000 | 4,500,000 | 2,500,000 | 109% | 56% |
| Одржување на GPS уреди | 150,000 | 150,000 | 200,000 | 150,000 | 100% | 75% |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,500,000 | 1,000,000 | 100% | 67% |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,700,000 | 3,500,000 | 4,000,000 | 3,700,000 | 106% | 93% |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од корона вирус | 1,000,000 | 800,000 | 500,000 | 300,000 | 38% | 60% |
| **Вкупно 9** | **21,850,000** | **19,250,000** | **37,700,000** | **19,150,000** | **99%** | **51%** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 40,000 | 20,000 | 40,000 | 30,000 | 150% | 75% |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 300,000 | 300,000 | 400,000 | 300,000 | 100% | 75% |
| Трошоци за ѓубретарина | 950,000 | 950,000 | 1,200,000 | 950,000 | 100% | 79% |
| Трошоци за вода | 3,300,000 | 3,300,000 | 4,500,000 | 3,300,000 | 100% | 73% |
| **Вкупно 10** | **4,590,000** | **4,570,000** | **6,140,000** | **4,580,000** | **100%** | **75%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Остварување 2021 г. (проценка) | Финансиски план за 2022г | Финансиски план за 2022г со измена | Индекс 5/3* 100 | Индекс 5/4* 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и друго | 100,000 | 50,000 | 200,000 | 100,000 | 200% | 50% |
| Трошоци за огласи и конкурси | 400,000 | 300,000 | 600,000 | 1,200,000 | 400% | 200% |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 250,000 | 250,000 | 450,000 | 300,000 | 120% | 67% |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 100,000 | 100,000 | 200,000 | 150,000 | 150% | 75% |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 350,000 | 350,000 | 1,000,000 | 350,000 | 100% | 35% |
| **Вкупно 11** | **1,200,000** | **1,050,000** | **2,450,000** | **2,100,000** | **200%** | **86%** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 63,000,000 | 60,000,000 | 66,000,000 | 58,000,000 | 97% | 88% |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 400,000 | 360,000 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| **Вкупно 12** | **63,400,000** | **60,360,000** | **66,000,000** | **58,000,000** | **96%** | **88%** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,отпис на побарувања од купувачи | 1,000,000 | 1,000,000 | 10,000,000 | 1,000,000 | 100% | 10% |
| **Вкупно 13** | **1,000,000** | **1,000,000** | **10,000,000** | **1,000,000** | **100%** | **10%** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 0 | 200,000 | 0 | 0% | 0% |
| Трошоци за репрезентација | 500,000 | 400,000 | 800,000 | 500,000 | 125% | 63% |
| **Вкупно 14** | **500,000** | **400,000** | **1,000,000** | **500,000** | **125%** | **50%** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,700,000 | 1,700,000 | 2,500,000 | 1,700,000 | 100% | 68% |
| **Вкупно 15** | **1,700,000** | **1,700,000** | **2,500,000** | **1,700,000** | **100%** | **68%** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 100% | 100% |
| Банкарски услуги | 600,000 | 550,000 | 800,000 | 500,000 | 91% | 63% |
| **Вкупно 16** | **610,000** | **560,000** | **810,000** | **510,000** | **91%** | **63%** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и друго | 0 | 0 | 300,000 | 120,000 | 0% | 40% |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 100,000 | 150,000 | 250,000 | 150,000 | 100% | 60% |
| **Вкупно 17** | **100,000** | **150,000** | **550,000** | **270,000** | **180%** | **49%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Остварување 2021 г. (проценка) | Финансиски план за 2022г | Финансиски план за 2022г со измена | Индекс 5/3* 100 | Индекс 5/4* 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ*** | | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 9,000,000 | 8,500,000 | 9,000,000 | 9,000,000 | 106% | 100% |
| **Вкупно 18** | **9,000,000** | **8,500,000** | **9,000,000** | **9,000,000** | **106%** | **100%** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци | 3,650,000 | 3,500,000 | 8,000,000 | 2,700,000 | 77% | 34% |
| Судски трошоци и административни такси | 400,000 | 300,000 | 800,000 | 300,000 | 100% | 38% |
| **Вкупно 19** | **4,050,000** | **3,800,000** | **8,800,000** | **3,000,000** | **79%** | **34%** |
| ***20)Казни, пенали, надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 400,000 | 400,000 | 1,000,000 | 400,000 | 100% | 40% |
| **Вкупно 20** | **400,000** | **400,000** | **1,000,000** | **400,000** | **100%** | **40%** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 1,400,000 | 1,400,000 | 12,000,000 | 1,500,000 | 107% | 13% |
| **Вкупно 21** | **1,400,000** | **1,400,000** | **12,000,000** | **1,500,000** | **107%** | **13%** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 4,000,000 | 3,800,000 | 8,000,000 | 3,000,000 | 79% | 38% |
| **Вкупно 22** | **4,000,000** | **3,800,000** | **8,000,000** | **3,000,000** | **79%** | **38%** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,000,000 | 1,300,000 | 5,000,000 | 1,500,000 | 115% | 30% |
| **Вкупно 23** | **1,000,000** | **1,300,000** | **5,000,000** | **1,500,000** | **115%** | **30%** |
| ***24) Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра | 880,000 | 500,000 | 880,000 | 850,000 | 170% | **97%** |
| **Вкупно 24** | **880,000** | **500,000** | **880,000** | **850,000** | 170% | **97%** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **171,280,000** | **163,840,000** | **255,330,000** | **162,960,000** | **99%** | **64%** |
| ***25)Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 15,000,000 | 14,000,000 | 45,000,000 | 19,000,000 | 136% | 42% |
| Останати програмски права | 52,000,000 | 49,000,000 | 90,000,000 | 59,500,000 | 121% | 66% |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,350,000 | 2,350,000 | 2,500,000 | 2,500,000 | 106% | 100% |
| Трошоци за фестивали, надомест за јуниорски евросонг и слично | 500,000 | 350,000 | 1,000,000 | 400,000 | 114% | 40% |
| Права за спортски настани | 95,300,000 | 95,000,000 | 150,000,000 | 98,000,000 | 103% | 65% |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 13,000,000 | 0 | 30,000,000 | 1,000,000 | 0% | 3% |
| Копродукциски проекти | 110,000,000 | 106,000,000 | 140,000,000 | 113,300,000 | 107% | 81% |
| **Вкупно 25 - Програмски права** | **288,150,000** | **266,700,000** | **458,500,000** | **293,700,000** | **110%** | **64%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Остварување 2021 г. (проценка) | Финансиски план за 2022г | Финансиски план за 2022г со измена | Индекс 5/3* 100 | Индекс 5/4* 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 500,000 | 500,000 | 2,000,000 | 800,000 | 160% | 40% |
| **Вкупно 26** | **500,000** | **500,000** | **2,000,000** | **800,000** | **160%** | **40%** |
| ***27) Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 600,000 | 400,000 | 1,000,000 | 400,000 | 100% | 40% |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 295,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 339% | 100% |
| Услуги за вештачење | 100,000 | 50,000 | 300,000 | 100,000 | 200% | 33% |
| Технички услуги | 5,000,000 | 3,500,000 | 8,000,000 | 4,000,000 | 114% | 50% |
| Трошоци за опремување сцена | 1,500,000 | 1,500,000 | 1,800,000 | 1,200,000 | 80% | 67% |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти, елаборати и сл.) | 1,700,000 | 1,600,000 | 5,000,000 | 3,000,000 | 188% | 60% |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 50,000 | 20,000 | 50,000 | 50,000 | 250% | 100% |
| Авторски договори, договори преку авторска агенција | 22,000,000 | 22,000,000 | 22,000,000 | 16,000,000 | 73% | 73% |
| Трошоци за проект Евровизија | 3,750,000 | 3,500,000 | 8,500,000 | 7,000,000 | 200% | 82% |
| Трошоци за судски извршители | 200,000 | 150,000 | 500,000 | 200,000 | 133% | 40% |
| Надомест за обезбедување простор за сателитски сегмент | 3,130,000 | 3,100,000 | 8,000,000 | 5,500,000 | 177% | 69% |
| **Вкупно 27** | **39,030,000** | **36,115,000** | **56,150,000** | **38,450,000** | **106%** | **68%** |
| ***28)Членарини, котизации,такси, ЗАМП, останати услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и други | 10,000,000 | 10,000,000 | 11,000,000 | 10,000,000 | 100% | 91% |
| Котизации и акредитации | 200,000 | 100,000 | 400,000 | 200,000 | 200% | 50% |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 14,500,000 | 13,500,000 | 26,000,000 | 13,500,000 | 100% | 52% |
| Надомст за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 4,000,000 | 4,000,000 | 8,000,000 | 4,300,000 | 108% | 54% |
| **Вкупно 28** | **28,700,000** | **27,600,000** | **45,400,000** | **28,000,000** | **101%** | **62%** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 210,000 | 200,000 | 300,000 | 120,000 | 60% | 40% |
| **Вкупно 29** | **210,000** | **200,000** | **300,000** | **120,000** | **60%** | **40%** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **68,440,000** | **64,415,000** | **103,850,000** | **67,370,000** | **105%** | **65%** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,017,200,000** | **981,365,000** | **1,374,500,000** | **1,021,900,000** | **104%** | **74%** |

| **ВИДОВИ ТРОШОЦИ** | **Финансиски план за 2021г** | **Остварување 2021 г. (проценка)** | **Финансиски план за 2022г** | **Финансиски план за 2022г со измена** | **Индекс 5/3* 100** | **Индекс 5/4* 100** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **7** | **8** |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| Дигитализација на РА програмите | 0 | 0 | 100,000,000 | 0 | 0% | 0% |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 5,300,000 | 5,000,000 | 100,000,000 | 8,000,000 | 160% | 8% |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **5,300,000** | **5,000,000** | **200,000,000** | **8,000,000** | **160%** | **4%** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,022,500,000** | **986,365,000** | **1,574,500,000** | **1,029,900,000** | **104%** | **65%** |

Скопје, Февруари  2022 година